Република Северна Македонија Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА ЖЕЛИНО KOMUNA E ZHELINËS
Бр.-Nr. 04-1706/2
30.11.2023 год. Желино - Zheline

Врз основа на член 30, став 1, алинеја 2, став 3 и став 5 и член 48 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кој е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр.11/15 и 35/18), Општина Желино објавува:

ИНТЕРЕН ОГЛАС број 02/2023
за унапредување на 1(еден) административен службеник во Општина Желино

Општина Желино објавува интерен оглас за унапредување на 1 административен службеник за следното работно место:

1. **УПР 01 01 Г01 000- Самостоен референт за месна самоуправа, во Одделението за јавни набавки при Секторот за финансиски прашања**

– 1 (еден) извршител

Посебни услови:

❖ ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.

- најмалку три години работно искуство во струката,

Општи работни компетенции:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странки/засегнати страни и
- финансиско управување.

Посебни работни компетенции:

- ❖ познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Распоред на работно време:

- Работни денови – од понеделник до петок
- Работни часови неделно – 40 часа
- Работно време од 08:30 до 16:30 часот

Паричен нето износ на плата: 24.300.оо денари

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во Општина Желино, кој ги исполнува општи и посебни услови за пополнување на работното место пропишани за соодветно ниво со Законот за административни службеници и со Правилникот за систематизација на работните места во Општина Желино како и:

- да е оценет со оценка „А“или „Б“ при последното оценување на кое бил оценуван
- да е на работно место непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас.

Рокот на поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на веб страницата на Општина Желино и веб страницата на Агенцијата за администрација.

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и доказ за исполнување на општите и посебните услови за работното место (доколку истите ги немаат претходно доставено во персоналното досие) преку архивата на Општина Желино до Одделението за управување со човечки ресурси на адреса Општина Желино Ул.101 Бр. ББ с.Желино како и до службената електронска адреса за Управување со човечки ресурси resurset.komunazh.@gmail.com "за интерен оглас 02/2023".

НАПОМЕНА: Кандитатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалифициран од понатамошна постапка по овој оглас.
Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување, формирано од Градоначалникот на Општина Желино.

Komuna e Zhelinës/Општина Желино
Kryetar/Градоначалник
Blerim Sejdi